Арх. број/ Num. ark.: 46 - 486/1
Датум/Data 13-01-2023

ДО
Агенција за заштита на правото за слободен пристап
до информациите од јавен карактер
Бул. Гоце Делчев бр. 18-зградата на МРТВ кат 14, 1000 Скопје

Предмет: Доставување на Годишниот извештај во врска со постапувања по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 1.1.2022 до 31.12.2022 година

Почитувани,

Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат на Ваше запознавање Ви доставува, Годишен извештај во врска со постапувања по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, за период од 1.1.2022 до 31.12.2022 година. Податоците во извештајот се приложени согласно одредбите на член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.101/2019).

Прилог: Годишен извештај на Генералниот секретаријат на Владата, за период од 1.1.2022 до 31.12.2022 година, во врска со постапување по Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Искрено,

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/20119), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со седиште на бул. „Илинден“ бр.2, тел. (02) 3118 022, факс (02) 3116 785, претставуван од м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, односно службено лице за информации од јавен карактер Даниел Николов го подготви следниот

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
(од 01.01.2022 до 31.12.2022 година)

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации: Симона Тозиевска, контакт тел: 078890737, e-mail адреса: simona.kruntovska@gs. gov.mk, Симона Ивановска (Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции), контакт тел: 076/863-637, e-mail адреса: simona.ivanovska@ gs.gov.mk, Даниел Николов, контакт тел: 072 211 180, e-mail адреса: daniel.nikolov@gs.gov.mk, Драгана Алексовска, контакт тел. 072/304-717, емаил адреса: dragana.spaseva @gs . gov.mk.

2. Број на примени барања:58
забелешки: 2 предмети не се сметани во вкупниот број зошто се доставени на крајот на 2022 година и ќе се одговорат во законски предвидениот рок во текот на 2023 година.

3. Број на позитивно одговорени барања:57

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање:1

4.1. Предмет бр.46-5122/1 на 7.6.2022 година
Барател на информацијата: [redacted] /физичко лице
Барана информација: Ја барам во интегрална форма физибилити - студијата изработена од друштвото Интерхолдинг за трансформација на Македонска пошта, врз основа на договор склучен со Генералниот секретаријат на Влада, претставуван од Мухамед Зеќири.
Статус: Постапувајќи по барањето, Генералниот секретаријат констатирал дека бараната информација, согласно член 6 став 1, алинеа 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката. По спроведување на задолжителниот тест за штетност во согласност со член 3 став 1 алинеа 6 од наведениот закон, е констатирано дека со објавување на информацијата, последиците врз интересот што се заштитува, ќе бидат

поголеми од јавниот интерес утврден со закон, со оглед дека е информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката. Заради наведеното, донесено е решение со кое барањето се одбива, согласно член 6 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

5. Број на неодговорени барања: 0

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација):5

6.1. Предмет бр. 46-3136/1 на 5.4.2022 година
Барател на информацијата:Стоматолошка Комора на Македонија
Барана информација: 1.Барање за промена на мрежата за здравствени установи во примарна стоматологија, доставено од ЗПЗСУ ПДДМ и заведено во Влада, со архивски број 08-1047/1 од 15.02.2021; и 2. Информација за состојбата и условите под кои работат приватните стоматолошки здравствени установи, финансиските импликации причинети од пандемијата и продлабочување на веќе постојната лоша материјална состојба со предлог мерки за ублажување на последиците, заведено во Влада-Економски совет со арх.бр.44-5032/1 од 04.06.2020 година.
Статус: Генералниот секретаријат ја известил Комората дека барањето од точка 1 е заведено во Влада, со архивски број 08-1047/1 од 15.02.2021, и овој дел од барањето го доставува на понатамошна надлежност на Канцеларијата на претседателот на Владата, согласно член 18 на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бидејќи назначениот архивски број на материјалот не е број на Генералниот секретаријат, туку архивски број на кој се заведуваат материјалите само на Канцеларијата на претседателот на Владата според Планот за архивски знаци за 2021 година на Владата. Генералниот секретаријат и барањето во дел во точка 2 како и за точка 1, го достави на надлежност до Канцеларијата на претседателот на Владата. Стоматолошката комора поднела жалба, која Агенцијата ја одбила во точка 1, додека за точката 2 ја вратила на повторно одлучување, по што бараната информација е доставена.

6.2. Предмет бр.46-5040/1 на 3.6.2022 година
Барател на информацијата: Фисник Целили, новинар на Портлаб
Барана информација: Дали е одлучено која компанија ќе ја добие концесијата за управување со Попова Шапка, откако пред месеци кажавте дека ќе се решава периодот што следи? Кои се европските инвеститори за Попова Шапка и дали е постигнат договор?Ако да кога и како, ако не зошто?
Статус: Генералниот секретаријат, со должно внимание го разгледал барањето и согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, го доставил на надлежност до Министерството за економија, со допис

бр.46-5040/3 на 15.06.2022 година, за што истовремено со допис бр.46-5040/4, бил известен и подносителот. Незадоволен од одговорот, подносителот на барањето поднел жалба, до второстепениот орган. Доставен е одговор на жалбата од Генералниот секретаријат со следната содржина: „По консултацијата со надлежните служби кои се грижат за организацијата и работата на седниците на Владата и по прегледувањето на електронската архива на материјали кои се разгледуваат на седниците на Владата, утврдено е дека Владата не располага со прашањата кои се предмет на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер. Единствена Информација која се разгледувала од Владата, во врска со Ски центарот „Попова Шапка", носи наслов: Информација за изнаоѓање на решение за Ски центарот „Попова Шапка", разгледувана како т.37 на 51-та седница на Владата, одржана на 9 март 2021 година, чиј предлагач било Министерството за економија. Во Информацијата, освен самиот текст на информација, не постојат договори или други видови на акти. Согласно Изводокот од Нацрт-записникот на 51-та седница, Владата ја усвоила Информацијата и заклучила да започнат процедурите за раздвојување на ЕЛЕМ ТУРС од ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за да функционира како самостоен субјект во рамки на Владата. Наведениот заклучок, според содржината на Информацијата, произлегува од состанок одржан на 22.02.2021 година, во Министерството за економија, со преставници од Министерството за економија, Елем Турс Дооел-Скопје, Министерство за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Општина Тетово, Агенција за промоција и поддршка на туризмот и граѓанска иницијатива "Да ја спасиме Попова Шапка", на кој едногласно бил усвоен предлогот на управителот на Друштвото Елем Турс, тоа да се одвои од ЕСМ (сопственик на Ски центарот „Попова Шапка" и хотелите Попова Шапка и Славија) и истото да функционира како самостоен субјект во рамки на Владата. Имајќи го предвид сето наведено, може да се констатира дека Генералниот секретаријат не е ниту имател, ниту создател на бараните информации и од таа причина го препратил барањето на надлежност до Министерството за економија, претпоставувајќи дека тоа има повеќе информации и податоци, што произлегува и од фактот дека Министерството за економија се јавило како предлагач на Информацијата. Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донела решение број 08-196 со кое се одбива жалбата како неоснована.

6.3. Предмет бр. 46-9810/1 на 1.11.2022 година

Барател на информацијата:ТРД Алфа Тв ДООЕЛ

Барана информација: Во кои управни и надзорни одбори при институциите во рамки на Владата членуваат лицата: Драги Ѓорѓиев, Ванчо Ѓорѓиев, Петар Тодоров, Дарко Стојанов, Александар Литовски, Љубица Спасовска и Љупчо Ристески,

односно членовите на заедничката историска комисија со Р.Бугарија?Освен ангажман во МНР и комисијата за преговори со Р.Бугарија, дали горенаведените лица на било кој начин се работно ангажирани во други државни институции?Дали горенаведените лица се во работен однос во компании и јавни претпријатија во државна сопственост или членови во управни и надзорни одбори во компании и јавни претпријатија во државна сопственост?

Статус: Генералниот секретаријат донел решение бр.46-9810/2 на 18.11.2022, во кое го образложил следното: Во однос на точка 1, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија не располага со бараните податоци, но го информирал барателот дека Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 21 мај 2019 година, дала согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје бр. 02-676/4 од 19.12.2018, со која за директор на Институтот е избран д-р Драги Ѓоргиев, научен советник – редовен професор („Службен весник на РСМ" бр.110/2019). Во однос на точка 2 и точка 3, известил дека согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности. Во конкретниот случај Генералниот секретаријат не ги создал и не располага со бараните информации од точка 2 и точка 3. Барателот поднел жалба до второстепениот орган кој донел решение бр.08-298 на 9.12.2022, со кое ја уважил жалбата и го вратил предметот на повторно постапување. Согласно горенаведеното, во врска со точка 1, Генералниот секретаријат ги доставил сите информации со кои располага, односно повторно со решение бр.46-9810/6 на 26.12.2022 го информирал подносителот дека во Владата на Република Северна Македонија не постојат податоци дека наведените лица биле именувани за членови во управни или надзорни одбори. Оттаму, не се точни наводите во жалбата на барателот доставена до Агенцијата, дека Владата не знае дали назначила некое од овие лица како член на управен или надзорен одбор. И покрај тоа, Генералниот секретаријат во своето постапување про-активно дал информација, дека за едно од наведените лица, д-р Драги Ѓоргиев, Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 21 мај 2019 година, дала согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје бр. 02-676/4 од 19.12.2018 за негов избор за директор на Институтот. Во врска со точка 2 и точка 3, Генералиот секретаријат не е создател на бараните информации и не располага со истите, бидејќи согласно Законот „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. Генералниот секретаријат не може да знае дали овие лица се работно ангажирани во други државни институции или се во работен однос во компании и јавни претпријатија во државна сопственост. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за повторното решение е известена со известување бр.46-9810/7 на 26.12.2022.

6.4. Предмет бр. 46-10745/1 на 29.11.2022 година
Барател на информацијата:[redacted]/физичко лице
Барана информација: Дали Владата има донесено одлука или дадено соопштение во јавноста со кое се осудува исфиркувањето на учесничката која почна да одржува говор на македонски јазик, на прославата организирана и одржана на ден 14.8.2022, по повод склучувањето на Рамковниот договор во Охрид.
Стаус: Генералниот секретаријат донел решение бр.46-10745/2 на 15.12.2022, дека потпаролот на Владата на испратени прашања од медиуми, непосредно по одржување на настанот, дал одговори на истите.
Одговорот бил објавен и во новинарски текстови, на линковите: https://lokalno.mk/vladata-isvirkuvaneto-na-makedonskiot-jazik-go-smeta-za-izo lira na-provokatsija/, https://play.mrt.com.mk/play/55322, а дополнително изјава дал и вицепремиерот Бојан Маричиќ, која е пренесена во медиуми и истата е достапна на линкот: https://press24.mk/marichikj-za-isvirkuvanjeto-na-maked onski ot-jazik-na-zabavata-za-ramkovniot-dogovor-jas-kako. Незадоволен, барателот поднел жалба до второстепениот орган, со образложение дека во рок од 15 дена, не му била дадена информацијата, на што Генералниот секретаријат доставил одговор на жалбата бр.46-10745/4 на 21.12.2022 до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, дека жалбата е преурането, поднесена пред истек на законскиот рок, додека на барателот му е доставена информацијата со решение бр.46-10745/2. Подносителот доставува нова жалба во која се наведува дека претходната ја повлекол, а Агенцијата донела решение со број 08-323 со кое го задолжила имателот да ги достави информациите.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата:3

7.1. Предмет бр. 46-3136/1 на 5.4.2022 година
Барател на информацијата:Стоматолошка Комора на Македонија
Барана информација: 1.Барање за промена на мрежата за здравствени установи во примарна стоматологија, доставено од ЗПЗСУ ПДДМ и заведено во Влада, со архивски број 08-1047/1 од 15.02.2021; и 2.Информација за состојбата и условите под кои работат приватните стоматолошки здравствени установи, финансиските импликации причинети од пандемијата и продлабочување на веќе постојната лоша материјална состојба со предлог мерки за ублажување на последиците, заведено во Влада-Економски совет со арх.бр.44-5032/1 од 04.06.2020 година.
Статус: Генералниот секретаријат ја известил Комората дека барањето од точка 1 е заведено во Влада, со архивски број 08-1047/1 од 15.02.2021, и овој дел од барањето го доставил на понатамошна надлежност на Канцеларијата на претседателот на Владата, согласно член 18 на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бидејќи назначениот архивски број на материјалот не е број на Генералниот секретаријат, туку архивски број на кој се заведуваат материјалите на Канцеларијата на претседателот на Владата според Планот за архивски знаци за

2021 година на Владата. Генералниот секретаријат и барањето во дел во точка 2, како и за точка 1, го доставил на надлежност до Канцеларијата на претседателот на Владата. Стоматолошката комора поднела жалба, која Агенцијата ја одбила во точка 1, додека за точката 2 ја вратила на повторно одлучување, по што бараната информација е доставена.

7.2. Предмет бр. 46-9810/1 на 1.11.2022 година
Барател на информацијата:ТРД Алфа Тв ДООЕЛ
Барана информација: Во кои управни и надзорни одбори при институциите во рамки на Владата членуваат лицата: Драги Ѓорѓиев, Ванчо Ѓорѓиев, Петар Тодоров, Дарко Стојанов, Александар Литовски, Љубица Спасовска и Љупчо Ристески, односно членовите на заедничката историска комисија со Р. Бугарија?Освен ангажман во МНР и комисијата за преговори со Р.Бугарија, дали горенаведените лица на било кој начин се работно ангажирани во други државни институции?Дали горенаведените лица се во работен однос во компании и јавни претпријатија во државна сопственост или членови во управни и надзорни одбори во компании и јавни претпријатија во државна сопственост?
Статус: Генералниот секретаријат донел решение бр.46-9810/2 на 18.11.2022, во кое го образложил следното: Во однос на точка 1, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија не располага со бараните податоци, но го информирал барателот дека Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 21 мај 2019 година, дала согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје бр. 02-676/4 од 19.12.2018, со која за директор на Институтот е избран д-р Драги Ѓоргиев, научен советник – редовен професор („Службен весник на РСМ“ бр.110/2019). Во однос на точка 2 и точка 3, известил дека согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „ информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности. Во конкретниот случај, Генералниот секретаријат не ги создал и не располага со бараните информации од точка 2 и точка 3. Барателот поднел жалба до второстепениот орган кој донел решение бр.08-298 на 9.12.2022, со кое ја уважил жалбата и го вратил предметот на повторно постапување. Согласно горенаведеното, во врска со точка 1, Генералниот секретаријат одново ги доставил сите информации со кои располага, односно со решение бр.46-9810/6 на 26.12.2022 повторно го информирал подносителот дека во Владата на Република Северна Македонија не постојат податоци дека наведените лица биле именувани за членови во управни или надзорни одбори. Оттаму, не се точни наводите во жалбата на барателот доставена до Агенцијата, дека Владата не знае дали назначила некое од овие лица како член на управен или надзорен одбор. И покрај тоа, Генералниот секретаријат во своето постапување про-активно дал информација дека за едно од наведените лица, д-р Драги Ѓоргиев, Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 21 мај 2019 година, дала согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за национална историја -

Скопје бр. 02-676/4 од 19.12.2018 за негов избор за директор на Институтот. Во врска со точка 2 и точка 3, Генералиот секретаријат не е создател на бараните информации и не располага со истите, бидејќи согласно Законот „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности. Генералниот секретаријат не може да знае дали овие лица се работно ангажирани во други државни институции или се во работен однос во компании и јавни претпријатија во државна сопственост. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за повторното решение е известена со известување бр.46-9810/7 на 26.12.2022.

7.3.Предмет бр. 46-10745/1 на 29.11.2022 година
Барател на информацијата: [redacted]/физичко лице
Барана информација: Дали Владата има донесено одлука или дадено соопштение во јавноста со кое се осудува исфиркувањето на учесничката која почна да одржува говор на македонски јазик, на прославата организирана и одржана на ден 14.8.2022, по повод склучувањето на Рамковниот договор во Охрид. Стаус:Генералниот секретаријат донел решение бр.46-10745/2 на 15.12.2022, дека потпаролот на Владата на испратени прашања од медиуми, непосредно по одржување на настанот, дал одговори на истите.
Одговорот бил објавен и во новинарски текстови, на линковите: https://lokalno.mk/vladata-isvirkuvaneto-na-makedonskiot-jazik-go-smeta-za-izo lira na-provokatsija/, https://play.mrt.com.mk/play/55322, а дополнително изјава дал и вицепремиерот Бојан Маричиќ, која е пренесена во медиуми и истата е достапна на линкот: https://press24.mk/marichikj-za-isvirkuvanjeto-na-maked onski ot-jazik-na-zabavata-za-ramkovniot-dogovor-jas-kako. Незадоволен, барателот поднел жалба до второстепениот орган, со образложение дека во рок од 15 дена, не му била дадена информацијата, на што Генералниот секретаријат доставил одговор на жалбата бр.46-10745/4 на 21.12.2022 до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, дека жалбата е преуранета, поднесена пред истек на законскиот рок, за што на барателот му е доставена информација за истото со решение бр.46-10745/2. Подносителот доставува нова жалба во која се наведува дека претходната ја повлекол, а Агенцијата донела решение со број 08-323 со кое го задолжила имателот да ги достави информациите.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата: 0

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање:2

9.1 Предмет бр. 46-3136/1 на 5.4.2022 година
Барател на информацијата: Стоматолошка Комора на Македонија
Барана информација: 1.Барање за промена на мрежата за здравствени установи во примарна стоматологија, доставено од ЗПЗСУ ПДДМ и заведено во Влада, со архивски број 08-1047/1 од 15.02.2021; и 2. Информација за состојбата и условите под

кои работат приватните стоматолошки здравствени установи, финансиските импликации причинети од пандемијата и продлабочување на веќе постојната лоша материјална состојба со предлог мерки за ублажување на последиците, заведено во Влада-Економски совет со арх.бр.44-5032/1 од 04.06.2020 година.

Статус: Генералниот секретаријат ја известил Комората дека барањето од точка 1 е заведено во Влада, со архивски број 08-1047/1 од 15.02.2021, и овој дел од барањето го доставува на понатамошна надлежност на Канцеларијата на претседателот на Владата, согласно член 18 на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бидејќи назначениот архивски број на материјалот не е број на Генералниот секретаријат, туку архивски број на кој се заведуваат материјалите на Канцеларијата на претседателот на Владата според Планот за архивски знаци за 2021 година на Владата. Генералниот секретаријат и барањето во дел во точка 2, како и за точка 1, го доставил на надлежност до Канцеларијата на претседателот на Владата. Стоматолошката комора поднела жалба, која Агенцијата ја одбила во точка 1, додека за точката 2 ја вратила на повторно одлучување, по што бараната информација е доставена.

9.2. Предмет бр.46-5040/1 на 3.6.2022 година

Барател на информацијата: Фисник Целили, новинар на Портлаб

Барана информација: Дали е одлучено која компанија ќе ја добие концесијата за управување со Попова Шапка, откако пред месеци кажавте дека ќе се решава периодот што следи? Кои се европските инвеститори за Попова Шапка и дали е постигнат договор?Ако да кога и како, ако не зошто?

Статус: Генералниот секретаријат согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, го доставил барањето на надлежност до Министерството за економија, со допис бр.46-5040/3 на 15.06.2022 година, за што истовремено со допис бр.46-5040/4, бил известен и подносителот. Незадоволен од одговорот, подносителот на барањето поднел жалба до второстепениот орган. Доставен е одговор на жалбата од Генералниот секретаријат со следната содржина: По консултацијата со надлежните служби кои се грижат за организацијата и работата на седниците на Владата и по прегледувањето на електронската архива на материјали кои се разгледуваат на седниците на Владата, утврдено е дека Владата не располага со прашањата кои се предмет на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер. Единствена информација која се разгледувала од Владата во врска со Ски центарот „Попова Шапка“, носи наслов: Информација за изнаоѓање на решение за Ски центарот „Попова Шапка”, разгледувана како т.37 на 51-та седница на Владата, одржана на 9 март 2021 година, чиј предлагач било Министерството за економија. Во Информацијата, освен самиот текст, не постојат договори или други видови на акти. Согласно Извадокот од Нацрт-записникот на 51-та седница, Владата ја усвоила Информацијата и заклучила да започнат процедурите за раздвојување на ЕЛЕМ ТУРС од ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за да функционира како самостоен субјект во рамки на Владата. Наведениот заклучок, според содржината на Информацијата, произлегува од состанок одржан на 22.02.2021 година, во

Министерството за економија, со преставници од Министерството за економија, Елем Турс Дооел-Скопје, Министерство за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина, Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, Општина Тетово, Агенција за промоција и поддршка на туризмот и граѓанска иницијатива "Да ја спасиме Попова Шапка", на кој едногласно бил усвоен предлогот на управителот на Друштвото Елем Турс, тоа да се одвои од ЕСМ (сопственик на Ски центарот „Попова Шапка" и хотелите Попова Шапка и Славија) и истото да функционира како самостоен субјект во рамки на Владата. Имајќи го предвид сето наведено, може да се констатира дека Генералниот секретаријат не е ниту имател, ниту создател на бараните информации и од таа причина го препратил барањето на надлежност до Министерството за економија, претпоставувајќи дека тоа има повеќе информации и податоци, што произлегува и од фактот дека Министерството за економија се јавило како предлагач на Информацијата. Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донела решение број 08-196 со кое се одбива жалбата како неоснована.

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање:0

<u>Барања за пристап до информации од јавен карактер, архивски евидентирани во 2018, 2020, 2021 завршени во 2022 година по Пресуди на Виш управен суд и Решенија на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер :2</u>

1. Предмет бр. 45-4586/1 од 18.5.2022, поврзан со предмети 49-3936/1 од 5.4.2018, 50-2258/1 од 20.3.2019 и 49-1407/1 на 11.2.2020 година
Барател на информацијата: Менче Атанасова Точи, новинар и уредник во Нова ТВ-Скопје
Барана информација:Кое образование го има Роберт Бекироски, директор на Агенцијата за лекови, кој факултет го завршил и кога дипломирал, каква доедукациј има и кога ја завршил (или е во тек), дали е магистер по фармација (со 300 ЕКТС) или има магистериум, дали има докторирано и кога докторирал?Колку години има работно искуство? Дали Бекироски има активно познавање на англиски јазик?
Статус:Имајќи го предвид решението бр.08-177 на 12.5.2022 на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, со кое имателот се задолжил да достави податоци кои се побарани во барањето, по претходна пресуда У-6 бр.801/2020 од 5.11.2020 на Управниот суд и решение УЖ-1. Бр. 614/2021 од 11.3.2022 на Вишиот управен суд, Генералниот секретаријат донел решение бр.46-4586/2 на 20.5.2022 со кое барањето се уважува и во прилог се доставени податоци.

2. Предмет бр.46-3136/1 на 5.4.2022 и поврзан бр.49-5452/1 на 12.6.2020 година Барател на информацијата: Македонско здружение на млади правници

Барана информација: Каде, на кој начин, во кој рок и кои документи треба да ги достават граѓаните кои ги исполнуваат условите, односно спаѓаат во една од четирите групи дефинирани во член 2 од Уредбата со законска сила за финансиска подршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба, а не се наоѓаат на Конечната листа на корисници на финансиска подршка од членот 4 од Уредбата? Според кои правила се води постапката за дополнување на Конечната листа на корисници на финансиска подршка опишани во прашањето број 1 ? Како, со кој акт и во кој рок Генералниот секретаријат одлучува за дополнување на Конечната листа на корисници на финансиска подршка ?

Статус: Генералниот секретаријат донел решение бр.49-5452/2 на 26.6.2020, со кое го известил барателот дека прашањата се уредени со Уредбата со законска сила за финансиска подршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба, која е јавно достапна во Службен весник на Република Северна Македонија бр.137 од 27 мај 2020 година. Барателот поднел дополнително барање за појаснување, а Генералниот секретаријат го потврдил решението бр.49-5452/2 на 26.6.2020, на што Здружението поднело жалба, на која Генералниот секретаријат одговорил дека Уредбата јасно ги посочува одговорите на барањата. Жалбата е одбиена од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Барателот поднел тужба за поведување на спор до Управниот суд, кој ја одбил тужбата со пресуда У-1 бр.558/2020 на 18.1.2020. Барателот поднел жалба до Вишиот управен суд, кој донел пресуда УЖ-1 бр.514/2021 на 2.2.2022, со која ја преиначил пресудата на Управниот суд и го поништил решението на Агенцијата. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, по повторно разгледување на предметот и насоките на Вишиот управен суд, донел решение бр.08-238 на 8.4.2022, со кое одлучила дека Генералниот секретаријат требало да одговори на бараните информации. Генералниот секретаријат донел решение бр.46-3400/2 на 21.4.2022, во кое ги доставил бараните објаснувања.

Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер од 2021, завршени со позитивен одговор, без жалбени постапки во 2022 година:1

1. Предмет бр. 45-13627/1 од 29.12.2021, поврзан со предмет 45-349/1 од 14.1.2022 година
Барател на информацијата: Фондација за интернет и општество Метаморфозис
Барана информација: Број на добиени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2021, број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за кои имате дадено: целосно одобрен пристап, делумно одобрен пристап, одбиен пристап до информацијата, вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2021, број на информации кои се означени со степен "државна тајна" во 2021, број на информации кои се означени со степен "строго доверливо" во 2021, број на информации кои се означени со степен "доверливо"во 2021, број на информации кои се означени со степен "интерно" во 2021, број на информации кои се означени со степен "за ограничена употреба" во 2021, вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, во 2021.
Статус: Генералниот секретаријат донел решение бр.45-349/1 на 14.1.2022 година, во кое ги доставува податоците наведени во барањето.

- Согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите", во Прилог на Годишниот извештај, на имателите на информации од јавен карактер се линковите до 22-те категории на документи содржани во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер:

1. податоците од неговите надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со закон, https://vlada.mk/vlada-ministerstva.
2. основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса,телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата, https://contact.vlada.mk
3. податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата (биографија, податоци за контакт и друго), https://vlada.mk/GenSec/MetodijaDimovski
4. основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број, https://vlada.mk/InfoJavenKarakter .
5. основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број, https://vlada.mk/ukazuvaci.
6. список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен емаил и службен телефон, https://vlada.mk/lista-vraboteni.

7. законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило, https://vlada.mk/zakoni
8. прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон, https://vlada.mk/otvorena-vlada
9. органограм за внатрешна организација, https://vlada.mk/organogram.
10. стратешки планови и стратегии за работа на имателите на информации, https://vlada.mk/nacionalni-strategii, https://vlada.mk/strateshko-planiranje.
11. годишни планови и програми за работа, https://vlada.mk/nacionalni-strategii, https://vlada.mk/strateshko-planiranje.
12. годишен Буџет и завршна сметка, https://vlada.mk/budzet и https://vlada.mk/finansiski-izveshtai.
13. годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот, https://vlada.mk/finansiski-izveshtai
14. ревизорски извештај, https://vlada.mk/revizija.
15. видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци), https://uslugi.gov.mk.
16. тарифници за надоместоци за издавање на реални акти https://vlada.mk/InfoJavenKarakter
17. начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат), https://vlada.mk/InfoJavenKarakter.
18. целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/Home.aspx#/home.
19. предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно закон и друго, https://vlada.mk/otvorena-vlada.

20. извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор,https://vlada.mk/InfoJavenKarakter, https: //vlada.mk/predlozi-i-pretstavki, https://data.gov.mk.
21. статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со коисе влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации,https://vlada.mk/istrazuvanja.
22. други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата https://vlada.mk/otvorena-vlada.

____________

(Место и датум)

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

(Имател на информации-печат)

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

М-р Методија Димовски

(службено лице – потпис)